**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ул. Борис Кидриќ 8 - 2 326 Пехчево тел./факс +389(0)33/441-321**
Е-пошта:opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина( ,,Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/2013 и 163/2013), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за НОВА НАСЕЛБА во Пехчево – општина Пехчево кој го денесува Совет на општина Пехчево, не потребно е да се спроведе стратегиска оцена за влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина (53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12 , 93/2013 и 163/2013).

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Детален урбанистички план за НОВА НАСЕЛБА во Пехчево – општина Пехчево се определуваат следните: Министерството за животна средина и просторно планирање и општина Пехчево.

3. За планскиот документ Детален урбанистички план за НОВА НАСЕЛБА во Пехчево – општина Пехчево, за чија изработка е одговорено позитивно, а го донесува Советот на општина Пехчево, донесувањето на планскиот документ ДУП за дел од Пехчево, , КО Пехчево – општина Пехчево ќе нема влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот од стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на отпад и влијание врз амбиентот воздух.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Пехчево на следната веб адреса/и: www.pehcevo.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 08-_______
______.2013 год.
Пехчево

Градоначалник ,
Игор Поповски
______________